Датум: ______________ - - - - - - - - - - - - - - - - - - Име и презиме: ______________________________

**Наставен лист**

ТЕМАТСКИ АКТИВНОСТИ 1

Отвори нов документ. Одбери кирилична поддршка и внеси ја приказната „Четири весели пингвини“ со фонт „Times New Roman“ со големина 14. Потоа, уреди ја како што е прикажано.

## ЧЕТИРИ ВЕСЕЛИ ПИНГВИНИ



**Нина** застана на бензинската станица да наполни бензин. *Човекот* што работеше на станицата ги здогледа пингвините на задното седиште и ја праша:

- „Зошто има **четири пингвини** на задното седиште од твојот автомобил?“

**Нина** одговори:

„Па, застанав на *црвеното светло* на семафорот и тие влегоа во автомобилот! Што да правам со нив?“

Човекот размисли неколку секунди и ѝ рече:

- „Можеби треба да ги однесеш во зоолошката градина.“
- „Тоа е одлична идеја“, одговори **Нина**.

Неколку дена подоцна, **Нина** повторно застана на истата бензинска станица. Истиот *човек* полнеше бензин на нејзиниот автомобил и ги виде истите **четири пингвини**, но сега тие носеа очила за *сонце*!



- „Што се случува?“, праша *човекот*. „Нели требаше да ги однесеш во зоолошката градина?“
- „Па ги однесов во зоолошката градина!“, одговори **Нина**. „Толку убаво си поминавме таму, што си мислев сега да ги носам на *плажа*!“

| Очекувани резултати | Да | Делумно | Со помош |
|---|---|---|---|
| Може да менува фонт и големина на фонт во текст | | | |
| Може да менува боја на букви и боја на заднина на букви во текст | | | |
| Може да менува стил (болд, италик, подвлечен) на текст | | | |
| Може да вметне неподредена набројувачка листа (булети) | | | |
| Може да вметне слики во текст | | | |
| Може да уреди слики во текст (format picture) | | | |

Родител ............................ Наставник ............................

obrazovanie.literatura.mk